# Ефикасноста на банкарскиот сектор во Република Македонија

## 1. Вовед во банкарскиот сектор на Македонија

Во изминативе неколку години, развојот на банкарскиот систем во Македонија бележи значителен прогрес. Сепак, нивото на развој, мерено преку степенот на финансиско посредување е пониско во однос на останатите земји од транзиција (земјите од Централна и Источна Европа - ЦИЕ) и значително заостанува зад земјите од Европската Унија (ЕУ). Банкарскиот сектор на Република Македонија, кој воедно има доминантно учество во финансискиот систем, се состои од 21 банка и 15 штедилници[1]. Притоа, на банките отпаѓа најголемиот дел од вкупната актива на финансискиот систем, додека штедилниците учествуваат со само 1,3%. Од аспект на концентрацијата, 55,5% од вкупната актива и 55,9% од вкупните банкарски активности отпаѓаат на двете најголеми банки. Анализирано според сопственичката структура, на 30.06.2004 година 95,1% од банкарскиот капитал е приватизиран[2], при што странски капитал е присутен во 15 банки (вкупното учество на странскиот капитал изнесува 45,7% од вкупниот капитал). Од нив, 8 банки (кои учествуваат со 47,5% во вкупната актива) на банкарскиот систем се во доминантна сопственост на странски акционери.

Споредбата на банкарскиот систем на Македонија со останатите земји во транзиција укажува на сѐуште недоволен степен на консолидација на банките. Така, во групата на 16 земји во транзиција, Македонија се наоѓа на второто место според бројот на банки на милион жители. И покрај големиот број на банки, застапена е висока концентрација во банкарскиот сектор, при учество од 55,9% на двете најголеми банки, додека 12-те мали банки располагаат со само 13,9% од вкупната актива. Ваквата неповолна структура во банкарскиот сектор ја намалува конкуренцијата помеѓу банките и со тоа негативно се одразува врз нивната ефикасност. Од друга страна, според бројот на банки во странска сопственост Македонија го зазема претпоследното место, што укажува на сѐуште недоволен влез на странски капитал во банкарскиот сектор. Привлекувањето на странски капитал е од особено значење за подобрување на ефикасноста и конкуренцијата. Предностите од влезот на странски банки се повеќекратни и се однесуваат на: пренесување на know-how, воведување на модерни информациони технологии (ИТ), современи методи за управување со ризици, зајакнат менаџмент, како и дополнителен капитал.

Табела 1. Број на банки во земјите во транзиција

[1] Состојба на 30.06.2004 година. Извор: Извештај за банкарската супервизија и банкарскиот систем на Република Македонија во првото полугодие од 2004 година. Сите понатамошни анализи за 2004 година се однесуваат на првото полугодие од годината.

[2] Македонска банка за поддршка на развојот е во целосна сопственост на државата и не влегува во анализата.

| Земја | Број на банки | Банки во странска сопственост | Население (во милиони) | Број на банки на милион жители | Број на банки во странска сопственост спрема вкупен број на банки (во %) |
|---|---|---|---|---|---|
| Словенија | 22 | 6 | 2 | 11.0 | 27.3 |
| ***Македонија*** | ***21*** | ***8*** | ***2*** | ***10.5*** | ***38.1*** |
| Латвија | 23 | 10 | 2.3 | 10.0 | 43.5 |
| Босна и Херцеговина | 37 | 19 | 3.8 | 9.7 | 51.4 |
| Хрватска | 41 | 19 | 4.4 | 9.3 | 46.3 |
| Србија и Црна Гора | 47 | 16 | 8.3 | 5.7 | 34.0 |
| Естонија | 7 | 4 | 1.4 | 5.0 | 57.1 |
| Албанија | 15 | 13 | 3.2 | 4.7 | 86.7 |
| Бугарија | 35 | 25 | 7.8 | 4.5 | 71.4 |
| Словачка | 21 | 16 | 5.4 | 3.9 | 76.2 |
| Унгарија | 38 | 29 | 10 | 3.8 | 76.3 |
| Молдавија | 16 | 9 | 4.3 | 3.7 | 56.3 |
| Литванија | 13 | 7 | 3.5 | 3.7 | 53.8 |
| Чешка | 35 | 26 | 10.3 | 3.4 | 74.3 |
| Полска | 58 | 46 | 38.3 | 1.5 | 79.3 |
| Романија | 30 | 21 | 21.7 | 1.4 | 70.0 |

Извор: EBRD Transition report 2004

## 2. Анализа на ефикасноста на банкарскиот сектор

Ефикасноста на банкарскиот сектор може да се искаже преку квантитативни и квалитативни показатели. Квантитативната анализа базира на Дупонт анализа на финансиските резултати од работењето, како и анализа на каматните маргини и учеството на лошите пласмани, додека квалитативната анализа се однесува на индексот на реформи на Македонија и земјите од регионот изработен од страна на Европската банка за обнова и развој (European bank for Reconstruction and development - EBRD).

### *2.1 Анализа на финансиските резултати*

Македонскиот банкарски систем бележи перманентен пораст во периодот 2000 - 2004 година (*види табела 3*). Притоа, зголемување е регистрирано кај сите позначајни категории на агрегираниот биланс на состојба на банките. Така, забележан е позитивен тренд на пораст на страната на пасивата (депозитите), што овозможува и пораст на кредитниот потенцијал на банките. Сепак, неповолен тренд бележи структурата на пласманите, која покажува поинтензивен пораст на *пласманите кај други банки (*36,7% во периодот од 2000 до 2003 година*)* споредено со пораст од 33,9% на *пласманите кај коминтенти.* И покрај интензивирањето на кредитната активност во првото полугодие од 2004 година делува позитивно на структурата на пласманите, ваквата состојба на билансите на банките укажува на рестриктивната кредитна политика на банките, односно ориентација кон помалку ризични пласмани надвор од земјата. *Пласманите кај странски банки* имаат доминантно учество (84,5%) во вкупните пласмани кај други банки, а нискиот каматен принос на овие средства (поради рекордно ниските каматни стапки на пазарите во развиените земји во последниве години) е една од главните детерминанти за ниската профитабилност на банките во анализираниот период. Пласирањето на кредитниот потенцијал надвор од земјата, покрај тоа што директно се одразува врз профитабилноста на банките, негативно делува и врз македонската економија преку намалувањето на расположивите средства за финансиска поддршка на приватниот сектор.

Табела 2. Агрегиран биланс на состојба на банките (2000 - 2004 година)

| во милиони денари | 31.12.2000 | 31.12.2001 | 31.12.2002 | 31.12.2003 | 30.06.2004 | *2004 / 2000* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупна Актива** | **81,999** | **105,633** | **93,213** | **104,875** | **109,159** | ***33.1%*** |
| Парични средства и салда кај НБРМ | 6,712 | 26,470 | 6,079 | 5,625 | 4,847 | *-27.8%* |
| Пласмани кај други банки | 27,285 | 29,576 | 33,803 | 37,301 | 37,711 | *38.2%* |
| Сметки кај странски банки | 24,154 | 20,424 | 29,338 | 30,994 | 31,872 | *32.0%* |
| Пласмани кај комитенти | 27,725 | 30,642 | 32,070 | 37,111 | 42,119 | *51.9%* |
| *Приходни средства** | *67,193* | *96,670* | *81,654* | *91,367* | *95,800* | *42.6%* |
| | | | | | | |
| **Вкупна Пасива** | **81,999** | **105,633** | **93,213** | **104,875** | **109,159** | ***33.1%*** |
| Обврски | 62,897 | 86,474 | 73,934 | 84,800 | 88,680 | *41.0%* |
| Сопствени средства | 19,102 | 19,159 | 19,279 | 20,075 | 20,479 | *7.2%* |

Извор: НБРМ
* Пресметана категорија (пресметка на авторот).

Компонентите на билансот на успех во анализираниот период бележат дивергентни движења. Приходните категории бележат намалување или непроменето ниво, додека расходните категории бележат пораст, што резултира со пониска остварена *добивка по оданочување* во 2003 година (448 милиони денари), споредено со 645 милиони во 2000 година. За подобро согледување на промените и причините за движењата по одделни категории неопходна е подетална финансиска анализа на банкарскиот систем.

Табела 3. Агрегиран биланс на успех на банките (2000 - 2003 година)*

| во милиони денари | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2003 / 2000 |
|---|---|---|---|---|---|
| Нето каматен приход | 2,594 | 1,858 | 2,430 | 2,536 | -2.2% |
| Каматен приход | 5,165 | 4,483 | 5,428 | 5,161 | -0.1% |
| Каматен расход | -2,572 | -2,625 | -2,999 | -2,625 | 2.1% |
| Нето резервации | -2,922 | -2,542 | -1,798 | -2,334 | -20.1% |
| Извршени резервации | -3,415 | -3,250 | -2,738 | -3,298 | -3.4% |
| Поврат на резервации | 493 | 708 | 940 | 964 | 95.6% |
| Нето каматен приход по резервации | -328 | -684 | 631 | 202 | - |
| Нето приходи од провизии | 1,866 | 1,802 | 2,287 | 1,927 | 3.2% |
| Други приходи | 3,039 | 2,020 | 2,259 | 2,902 | -4.5% |
| Приходи по други основи | 734 | 637 | 474 | 766 | 4.4% |
| Вонредни приходи | 2,306 | 1,384 | 1,785 | 2,136 | -7.4% |
| Општи и административни расходи | -3,084 | -3,525 | -4,059 | -4,281 | 38.8% |
| Други расходи | -888 | -1,113 | -1,001 | -539 | -39.3% |
| **Оперативни приходи** | **11,500** | **10,346** | **11,713** | **11,619** | **1.0%** |
| **Оперативни расходи** | **-10,691** | **-10,860** | **-11,242** | **-11,088** | **3.7%** |
| Добивка пред оданочување | 809 | -514 | 470 | 531 | -34.3% |
| Данок на добивка | -164 | -107 | -75 | -83 | -49.3% |
| **Нето добивка по оданочување** | **645** | **-620** | **396** | **448** | **-30.5%** |

Извор: НБРМ
* Податоците од билансот на успех за првото полугодие од 2004 година не се презентирани бидејќи се неспоредливи со останатите, односно не се однесуваат за целата година.

### *2.2. Дупонт методологија за анализа на финансиските резултати*

Дупонт методот за анализа на финансиските резултати е основен и најчесто користен метод при анализата на работењето на одредена компанија или сектор. Дупонт анализата на перформансите на банките претставува модифицирана верзија на Дупонт методологијата (види Cole, 1973 и Dietrich, 1996), при што се има предвид специфичноста на банкарското работење (односно специфичниот карактер на билансот на состојба и успех).

#### *2.2.1. Дупонт методологија за банките*

Анализата на профитабилноста на банките започнува со основниот индикатор за мерење на профитабилноста - *стапката на поврат на капиталот (ROE*[3] *= EAT/BVE).* Стапката на поврат на капиталот ја прикажува остварената добивка на единица сопственички капитал и претставува единствен (универзално споредлив) индикатор за мерење на приносот на инвестираниот капитал. За подетална анализа на успешноста на работењето, овој индикатор се дезагрегира на три компоненти, *даночна ефикасност (U = EAT/EBT), финансиски левериџ (LEV = TA/BVE) и поврат на активата (ROA = EBT/TA).*

**ROE = U x LEV x ROA**

EAT (Earnings after tax) - добивка по оданочување
EBT (Earnings before taxes) - добивка пред оданочување
TA (Total Assets) - вкупна актива
BVE (Book value of equity) - сопственички капитал

Првата компонента на ROE, *даночна ефикасност* ја утврдува успешноста на даночната политика на банките, како и ефектите од промените во даночната легислатива врз работењето на банките. Степенот на *финансиски левериџ* покажува со колку денари актива располага банката за единица сопственички капитал. Стапката на поврат на активата (ROA) е еден од најчесто применуваните индикатори во финансиската анализа и е мерка за успешноста во креирање на приходи, по подмирувањето на сите трошоци од работењето. ROA претставува однос помеѓу остварените приходи и вкупната актива, односно покажува колкави се приходите на единица актива (ROA е адекватен индикатор за споредба на фирми кои работат во ист сектор или за временска и компаративна анализа на одреден сектор[4]). Промените кај ROA се најчесто и главниот фактор кој ја детерминира успешноста во работењето на банките, додека преостанатите две компоненти на ROE (U и LEV) се релативно стабилни. Поради тоа, за подетална анализа на детерминантите на профитабилноста на банките, стапката на поврат на активата понатаму се дезагрегира на следниве три компоненти: *банкарски товар*[5] *(*B = NNIR / TA*), учество на доходната во вкупната актива*[6] *(EAR = EA / TA)* и *нето каматна маргина*[7] *(NIM = (IR-IE) / EA).*

**ROA = B + EAR x NIM**

NNIR (non interest revenue, net) - нето некаматни приходи
EA (earning assets) - доходна актива
IR (interest revenue) - приходи од камата
IE (interest expense) - расходи од камата

Компонентата *банкарски товар* е индикатор за успешноста на раководството на банката во контролата на оперативните трошоци. Вообичаено е банкарскиот товар да има негативна вредност, бидејќи некаматните приходи (т.е приходите од провизии и надоместоци) не се доволни да ги покријат (некаматните) трошоци на работењето. Македонскиот банкарски систем е отстапување од ова правило поради високото ниво на приходи од провизии и вонредни приходи во вкупните приходи. EAR најчесто не игра суштинска улога во промените на ROA, но е добар индикатор за анализа на стратешката ориентација на индивидуалните банки. *Нето каматната маргина* претставува битен фактор во финансиската анализа, кој ги прикажува нето приходите од прибраните депозити и дадените заеми. Нето каматната маргина (NIM) се разложува на следниве компонентни: *поврат на доходна актива*[8] (REA = IR / EA), *трошок на пасивата*[9](COL = IE / L), и *соодност помеѓу обврските и доходната актива*[10] (LEA = L / EA).

---

[3] Return on equity.
[4] ROA не е адекватен индикатор за споредба на различни сектори поради некомпатибилна структура на активата помеѓу секторите. За меѓусекторска споредба се користи ROE, како универзална мерка за стапката на поврат на вложениот капитал.
[5] B - burden
[6] EAR - earning assets ratio
[7] NIM - net interest margin
[8] REA - return on earning assets
[9] COL - cost of liabilities
[10] LEA - liabilities to earning assets ratio

**NIM = REA - COL x LEA**

L (liabilities) - обврски

Повратот на доходната актива (REA), кој претставува однос помеѓу каматните приходи и доходната актива, ја дава просечната стапка на принос на позајмените средства. Од друга страна, COL е мерка за просечната цена на позајмените средства. LEA претставува индикатор за интензитетот на инвестиционите активности на банките.

*2.2.2. Резултати од анализата*

Македонските банки во последниве четири години остваруваат ниски стапки на профитабилност (негативна стапка за 2001 година, што е и очекувано поради негативните влијанија на безбедносната криза). Така, стапката на поврат на капитал е највисока во 2000 година, по што следи негативен резултат од работењето во 2001 година. Од 2002 наваму, банкарскиот сектор остварува перманентна (ниска) стапка на поврат од 2 проценти. Притоа, остварената стапка на поврат во периодот е пониска од онаа во 2000 година. Анализата по групи на банки, укажува на повисока профитабилност кај големите и средните банки во однос на малите банки. Исто така, малите банки прикажале најниска добивка по вработен, а воедно и располагаат со најниска актива по вработен. Ова ја потврдува констатацијата за недоволна консолидираност на банките и потребата од окрупнување на малите банки. Анализата на компонентите на ROE укажува дека повратот на капиталот пред сé е детерминиран од стапката на поврат на активата. Даночната политика нема битна улога (U е зголемено во однос на 2000 година и е релативно стабилно[11]), како и односот помеѓу вкупната актива и капиталот кој не бележи позначајни промени по порастот во 2000 година.

Табела 4. Финансиски показатели според Дупонт методологија

| | *2000* | *2001* | *2002* | *2003* | *2004** |
|---|---|---|---|---|---|
| **ROE = U x LEV x ROA** | **3.8%** | **-3.2%** | **2.1%** | **2.3%** | **2.2%** |
| U (EAT/EBT) | 0.80 | 1.21 | 0.84 | 0.84 | 1.00 |
| LEV (TA/E) | 4.5 | 4.9 | 5.2 | 5.0 | 5.3 |
| ROA (EBT/TA) | 1.0% | -0.5% | 0.5% | 0.5% | 0.4% |
| | | | | | |
| **ROA** (NNIR/TA + EA/TA x NIR/EA)** | **1.0%** | **-0.5%** | **0.5%** | **0.5%** | **0.2%** |
| B (NIR-NIE / TA) | 1.47% | 0.18% | -0.16% | 0.33% | -0.34% |
| *NNIR* | *1137* | *171* | *-161* | *329* | *-364* |
| EAR (EA / TA) | 87.1% | 103.0% | 82.1% | 92.2% | 89.5% |
| NIM (IR - IE / EA) | -0.5% | -0.7% | 0.8% | 0.2% | 0.6% |
| | | | | | |
| **NIM = REA - COL x LEA** | ***-0.5%*** | ***-0.7%*** | ***0.8%*** | ***0.2%*** | ***0.6%*** |
| REA (IR / EA) | 2.6% | 1.3% | 3.3% | 2.0% | 1.3% |
| COL | -3.3% | -2.2% | -2.8% | -2.0% | -0.8% |
| LEA | 0.94 | 0.89 | 0.91 | 0.93 | 0.93 |

Извор: Пресметки на авторот

* Податоците се однесуваат за првото полугодие

** Постојат минимални отстапки кај РОА од вредностите пресметани од страна на НБРМ.

Стапката на поврат на активата (пред оданочување) во периодот 2002-2004 исто така е пониска во однос на 2000 година. Со Дупонт анализата, приносот по вкупната актива се дели во две категории, нето каматни приходи и нето некаматни приходи. За македонскиот банкарски систем е карактеристично (односно невообичаено) што банкарскиот товар B, кој го мери нето придонесот на некаматните приходи е позитивен. За овој индикатор се очекува да има негативна вредност бидејќи приходите од споредната дејност на банките обично не се доволни за покривање на сите оперативни и останати трошоци од работењето. Во периодот 2000 - 2003 година, оваа категорија има позитивна вредност со исклучок на 2001 година (и во првото полугодие од 2004 година повторно е регистрирана негативна вредност). Од друга страна, нето каматната маргина, кој ја прикажува ефикасноста на банките во вршењето на нивната основна дејност (финансиска интермедијација) е негативен во 2000 и 2001 година (-0,5% и -1%,

[11] Резултатите од 2001 година немаат значење бидејќи банкарскиот систем остварил загуба.

соодветно). Од 2002 година наваму, NIM има позитивна вредност но со надолен тренд (0,8% во 2002 и 0,6% во 2004 година). Намалувањето во 2003 и 2004 година е резултат на континуираниот тренд на намалување на активните каматни стапки. Соодветни движења, но со помал интензитет, се регистрирани и кај трошокот на пасивата поради следственото намалување и на каматните стапки на депозитите. Од горенаведеното може да се заклучи дека профитабилноста на банките е детерминирана пред се́ од вршење на споредни активности и функции (а не од давање кредити на економските субјекти). Подеталната анализа на горенаведените категории покажува дека доминантно учество во вкупните некаматни приходи имаат вонредните приходи. Во оваа категорија влегуваат ослободувањата по претходни резервации, кои се всушност дел од основната дејност на банките (односно претставуваат намалување на каматните приходи по резервации во претходниот период)[12]. Доколку од вонредните приходи се отстранат ослободувањата по резервации и се додадат кај категоријата нето приходи од камати, состојбата кај финансиските показатели би се подобрила, но и покрај тоа останува заклучокот за високото учество на некаматни приходи како главна детерминанта на работењето на банките.

### *2.3. Компаративна анализа на профитабилноста*

Динамички анализирано, Македонија е единствената земја во регионот која бележи намалена профитабилност во периодот 1998 - 2002 година[13]. Споредено со просекот за земјите во регионот[14] (со ROA од 2,0% и ROE од 18,2%), профитабилноста на македонските банки е значително пониска, а резултатот е ист и при споредбата со останатите земји од транзиција. Притоа, ако на тоа се додаде и фактот дека поголем дел од овие земји остваруваат значително подобри финансиски резултати со помали каматни маргини, заклучок е дека македонските банки се неефикасни во своето работење.

Табела 5. Профитабилноста на банкарскиот систем преку ROA и ROE

| | ROA | ROE | ROA | ROE | ROA | ROE | ROA | ROE |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2000 | | 2001 | | 2002 | | 2003 | |
| Латвија | 2 | 19 | 1.5 | 19 | 1.3 | 14.7 | - | - |
| Естонија | 1.1 | 8.6 | 2.5 | 18.8 | 2.6 | 19.2 | - | - |
| Албанија | 2.1 | 20.6 | 1.5 | 21.6 | 1.2 | 19.1 | - | - |
| Романија | 1.5 | 12.5 | 3.1 | 21.8 | 2.6 | 18.3 | - | - |
| Словачка | 1.4 | 25.2 | 1 | 22.7 | 1.2 | 31.1 | 1.3 | 30.5 |
| Унгарија | 1.3 | 15.1 | 2 | 20.2 | 1.8 | 19.7 | 2.1 | 25.8 |
| Чешка | 0.7 | 13.1 | 0.7 | 14.4 | 1.2 | 25.4 | 1.1 | 22.7 |
| Хрватска | 1.2 | 10.5 | 1.3 | 6.7 | 1.3 | 20.4 | 1.5 | 18.7 |
| Бугарија | 2.8 | 22.6 | 2.6 | 19.3 | 2 | 14.9 | 2.4 | 17.9 |
| Словенија | 1.1 | 11.4 | 0.5 | 4.8 | 1.1 | 13.3 | 1.2 | 15.7 |
| Литванија | 0.5 | 5 | -0.1 | -1.2 | 1 | 9.8 | 1.4 | 13.5 |
| Полска | 1.5 | 14.5 | 1.3 | 13.1 | 0.8 | 5.2 | 1.2 | 9.5 |
| ***Македонија*** | 0.8 | 3.8 | -0.7 | -3.2 | 0.4 | 2.1 | 0.5 | 2.3 |

Извор: Global financial stability report, IMF 2004, Bank of Albania, Romanian Central Bank, НБРМ.

### *2.4. Нефункционални заеми*

Износот на нефункционалните заеми, односно нивното учество во вкупното кредитно портфолио укажува на успешноста во водењето на кредитната политика на банките. Сите земји во транзиција наследија неефикасни банкарски системи во кои кредитната политика се базираше на политички и социјални фактори наместо пазарни принципи. Ваквата состојба резултираше со високо ниво на нефункционални заеми на билансите на банките во овие земји, за што воедно придонесе и рецесијата која ги

[12] Банките имаат обврска да издвојуваат резервации за секој даден заем на комитентите. Резервацијата се пресметува како процент од вкупниот заем, при што висината на резервацијата зависи од класификацијата на заемот (во категориите А, Б, В, Г или Д).

[13] Според студијата "Overview of the Banking Sector" на Националната Банка на Грција.

[14] Албанија, Бугарија, Србија и Црна Гора, Романија и Хрватска.

зафати овие земји во првите години од транзицијата. Во периодот на трансформација, земјите пристапија кон санација и консолидација на банкарските системи со што дојде и до намалување на учеството на нефункционалните заеми. Ваквиот тренд на подобрување на банкарскиот систем се однесува и на Македонија. Така, во периодот од 1995 - 2004 година, учеството на нефункционалните заеми[15] се намали од 44,4% на 13,8%, меѓутоа и сегашнато ниво е повисоко во споредба со останатите земји од ЈИЕ (*види Табела 7)*. Анализата по групи на банки покажува најниско учество на нефункционални заеми кај малите банки во Македонија. Имајќи ја предвид претходната констатација (Македонија се наоѓа на второто место во регионот според бројот на банки на милион жители), може да се заклучи дека потребата од консолидација на големиот број на мали банки е неопходна. Припојувањето (или преземањето) на истите би придонело за подобрување на кредитната поставеност, намалување на кредитниот ризик и зголемување на ефикасноста.

### *2.5. Камашна маргина*

Каматната маргина, која претставува разлика помеѓу просечната каматна стапка на кредитите и депозитите е важен индикатор за ефикасноста на работењето на една банка или банкарскиот систем во целина. Разликата помеѓу цената што банките ја наплаќаат на дадените кредити и онаа која ја плаќаат на прибраните депозити покажува колкави се оперативните трошоците на работењето на банката, односно колку е ефикасен банкарскиот систем во својата функција на финансиска интермедијација. Исто така, каматната маргина го рефлектира и нивото на конкуренција помеѓу домашните банките, како и надворешната конкуренција во банкарскиот сектор (достапни кредити во странство, странски кредитни линии во земјата итн.). Компаративната анализа во набљудуваниот период укажува на фактот дека банките во Македонија работат со високи каматни маргини, односно се неефикасни во споредба со останатите земји од транзиција (Македонија е на третото место од 16 земји во транзиција). Во последниве години каматната маргина на македонскиот банкарски систем бележи позитивен тренд на намалување. Значителни позитивни промени се регистрирани особено во 2004 година, при што каматна маргина се симнува и под 6 процентни поени.

Табела 6. Каматни маргини во земјите во транзиција (во 2003 година)

[15] Под поимот "нефункционални заеми" се сметаат заемите од В, Г и Д категорија што се разликува од дефиницијата на НБРМ (која е потесна и вклучува само дел од заемите во групата В), но соодветствува со дефиницијата за "non performing loans" на EBRD.

| | Нефункционални заеми | Каматна маргина | Ефективна каматна маргина |
|---|---|---|---|
| Полска | 25.1 | 7.7 | 5.0 |
| Србија и Црна Гора | 23.8 | - | - |
| ***Македонија*** | ***15.1*** | ***7.8*** | ***5.6*** |
| Хрватска | 9.4 | 10.3 | 9.2 |
| Словенија | 9.4 | 5.1 | 4.2 |
| Словачка | 9.1 | 4.7 | 4.0 |
| Босна и Херцеговина | 8.3 | - | - |
| Молдавија | 6.4 | 5.2 | 4.0 |
| Чешка | 5.0 | 3.0 | 2.8 |
| Албанија | 4.6 | 2.9 | 2.4 |
| Бугарија | 4.4 | 6.3 | 5.9 |
| Унгарија | 3.8 | 2.5 | 2.1 |
| Литванија | 2.6 | 4.9 | 4.8 |
| Романија | 1.6 | 15.4 | 15.0 |
| Латвија | 1.5 | 2.8 | 2.7 |
| Естонија | 0.5 | 2.7 | 2.7 |
| *ЕУ** | - | *3.5* | - |

Извор: EBRD Transition Report 2004 и НБРМ.
* Податокот се однесува на 15-те земји членки на Унијата.

Бидејќи целта на анализата на каматните маргини е да се покаже ефикасноста на оперативно работење на банките, пореална мерка за ефикасноста на искористувањето на прибраните средства претставува ефективната каматна маргина. Во пресметката на овој индикатор се корегира (намалува) просечната активна каматна стапка за износот на нефункционалните пласмани, бидејќи овие кредити по дефиниција не носат каматен принос.

*ефективна активна кс = активна кс * (1- % на нефункционални заеми)*

Резултатите од компаративната анализа според овој критериум се слични како и претходните. Банкарскиот систем во Македонија работи со повисоки маргини во однос на повеќето земји од транзиција. Притоа, во 2003 и 2004 е регистриран позитивен тренд на снижување на ефективната каматна маргина.

### *2.6. EBRD индекс на реформи*

EBRD во својата годишна публикација Transition Report редовно објавува индекси за степенот на реформи (по одделни сектори) во земјите во транзиција. Во оваа група на квалитативни индикатори спаѓаат ***индексот на реформи во банкарскиот сектор*** и ***индексот на реформи кај небанкарските финансиски институции***. Според првиот индекс, Македонија (заедно со останатите земји од Западен Балкан) со оценка 2,7 од 4 се наоѓа на дното на листата земји во транзиција. Состојбата е речиси идентична и во однос на развиеноста на небанкарскиот финансиски сектор. Притоа, анализата покажува висока корелираност помеѓу овие два индекси (што е и очекувано) бидејќи ефикасноста на банкарскиот систем е во голема мера условена и од развојот на останатите финансиски институции кои го подигаат нивото на конкуренцијата. Од ова може да се заклучи дека за подобрување на ефикасноста на банкарскиот систем неопходно е интензивирање на реформите и на небанкарските финансиски институции со цел зголемување на конкуренцијата во банкарскиот сектор.

## 3. Причини за ниската ефикасност

Банкарскиот сектор е од специфичен карактер од аспект на факторите кои ја детерминираат успешноста (ефикасноста), при што работењето на банките подлежи под

силно влијание на егзогени фактори. Така, пасивата на банките (прибраните средства како депозити) се во голема мера детерминирани од перцепцијата за одржливата економска стабилност и идните очекувања за економско-политичката состојба во земјата и окружувањето. Активата на банката (односно кредитното портфолио) исто така е под силно влијание на макроекономските движења во земјата и регионот, како и од концепирањето на монетарната и фискалната политика. Неефикасноста на банкарскиот систем воглавно е резултат на: ***законската регулатива, макроекономското окружување*** и ***менаџментот на банките***[16].

### *3.1. Законската регулатива*

Поставеноста на законската регулатива од областа на финансиското работење е еден од клучните фактори кои ја детерминираат ефикасноста на банкарскиот систем. Ова особено се однесува на законската поставеност (и имплементацијата) во врска со наплатата на заемите односно преземањето на средствата дадени како колатерал во случај на неплаќање на заемот од страна на должникот. Основен предуслов за успешното работење на секоја банка е сигурноста и ефикасноста во процесот на решавање на судските спорови, што и овозможува на банката да води поефикасна (односно поекспанзивна) кредитна политика. Доколку законодавството не обезбедува брза, ефикасна и едноставна наплата, кредитното портфолио на банките ќе биде оптоварено со нефункционални заеми и пласмани во хартии од вредност (што е и случајот со македонските банки). Од друга страна, ваквата структура на кредитното портфолио ќе наложи поставување на повисоки каматни стапки на заемите, при што ќе се редуцираат и можностите за давање заеми (во отсуство на инвестициони проекти кои би можеле да остварат доволно висока добивка да ја покријат високата цена на заемот). Неможноста да се пласираат средствата условува нивно вложување во посигурни но ниско приносни хартии од вредност (благајнички записи или државни хартии од вредност) па дури и нивно чување на сметката на банката. Горенаведеното сценарио претставува комплетна слика за состојбата во македонскиот банкарски систем. Имено, слабоста и неефикасноста на судството е една од причините за големиот број на ненаплатени побарувања (т.е. нефункционални заеми), кои иако имаат тренд на намалување, сé уште се на високо ниво во споредба со поразвиените банкарски системи (13,8% во 2004 година). Ваквата состојба резултира со постоење на високи каматни маргини, што пак значи и неможност за пласирање на средствата, што се рефлектира и преку постоење на вишок на ликвидност на банките на сметките кај НБРМ. Така, во просек, во 2003 година вишокот на ликвидни средства на банките на крајот на периодот на исполнување на задолжителната резерва изнесуваше 27,9% (меѓугодишен пораст од 4,1 процентен поен).

EBRD во 2003 година воведе нов метод на мерење на прогресот во законодавството (во доменот на банкарскиот сектор) во транзиционите земји, како дополнение на постоечката регионална анкета за степенот на реформи во легислативата од аспект на наплата на побарувањата обезбедени со колатерал[17] (Regional Survey of Secured Transactions). Резултатите од оваа стандардна анкета, која е воведена уште во 1999 година, покажуваат дека Македонија се наоѓа во групата на земји со низок степен на реформи[18]. Од друга страна, основна цел на новата анкета за реформите во доменот на наплата на обезбедените побарувања е квантифицирање на степенот на имплементација на законските решенија т.е. *de facto* примената на законите во судската практика во овие земји. Анкетата го мери нивото на реформи во практиката преку три индикатори: (1) време потребно за судска наплата на средство дадено како колатерал, (2) степен на наплата на вредноста на колатералот (колкав процент од вредноста се

---

[16] Ова е воедно и заклучокот од конференцијата „Реформи во финансискиот сектор во земјите од ЈИЕ“ одржана на 10 јуни 2004 година во Скопје во организација на Центарот за анализи во ЈИЕ (South East European Research Centre).
[17] Ова е регулирано со Законот за договорна хипотека и Законот за извршна постапка.
[18] Земјите се рангирани во 5 групи, и тоа: земји со напредно ниво на реформи, земји со значителен степен на реформи, земји со низок степен на реформи, земји со незначително ниво на реформи и земји во кои отсуствуваат реформи.

реализира) и (3) едноставност во процесот. Според овој индикатор, Македонија го зазема 10-то место од 15 земји во транзиција[19], при што зад неа се наоѓаат најнеразвиените земји како Србија и Црна Гора, Босна и Херцеговина, Албанија, Молдавија (и Романија).

### *3.2. Макроекономско окружување*

Макроекономските перформанси во економијата силно се одразуваат врз работењето и развиеноста на банкарскиот сектор. Достигнатото ниво на економски развој и тековните движења во економијата битно влијаат како на активата, така и на пасивата на билансите на банките. Замрзнатото девизно штедење на граѓаните, пропаѓањето на пирамидалните штедилници и неколку мали банки силно ја нарушија довербата на економските субјекти во банкарскиот сектор. Така, македонските банки располагаа со ограничен депозитен потенцијал, во услови на чување на (девизните) заштеди надвор од банкарскиот систем - „штедење под перница“ во странска валута. Во ноември 2001 година, НБРМ спроведе анкета за процена на обемот на девизи надвор од банкарскиот систем, при што резултатите од анкетата покажаа дека во Македонија циркулираат помеѓу 1 и 1,5 милијарди германски марки надвор од банкарските текови[20]. Подобрувањето на економската состојба, зајакнатата банкарска супервизија и формирањето на Фондот за осигурување на депозитите придонесоа за постепено враќање на довербата во банкарскиот систем кај штедачите. Меѓутоа, клучен фактор во процесот на враќање на заштедите кај банките беше конверзијата на валутите на земјите членки на ЕМУ во евра. Имено, на 01.01.2002 година започна процесот на конверзија на валутите на дванесетте земји членки на Европската Монетарна Унија (ЕМУ) во евра. Притоа, македонските банките понудија можност за автоматска (бесплатна) конверзија на евро-валутите во евра со депонирање на средствата на штедна книшка (со единствен предуслов средствата да останат депонирани минимум 15 дена). Согласно потребата за замена на евро-валутите кои се наоѓаа „под перница“, во последниот квартал од 2001 година, депозитите на населението регистрираа енормен пораст, при што на крајот од годината беа повисоки за 27,7 милијарди денари (или за 3,6 пати) на годишна основа. Во првите три месеци од 2002 година беше регистрирано намалување на депозитите на населението со забавена месечна динамика, при што помеѓу 60% и 70% од депонираните средства се задржаа во банките како депозити.

Негативните текови во економијата и поширокото окружување негативно се одразија и врз кредитната активност на банките. Во услови на економска и политичка несигурност, високи каматни стапки, ниско ниво на странски директни инвестиции и бавно преструктуирање на претпријатијата, банките се соочуваат со проблеми при пласирањето на прибраните средства. Потврда за отсуството на соодветни можности за пласирање на кредитниот потенцијал е и високото ниво на неискористени средства (45,7%[21]) добиени преку странски кредитни линии, кои воедно имаат и пониски каматни стапки од домашните банки. Согласно ваквата состојба, не изненадува фактот дека пласманите на банките кај други банки (од кој преку 80% отпаѓаат на странски банки) имаат поголемо учество од пласманите кај приватниот сектор. Притоа, високото ниво на пласмани кај странските банки (кои се ниско ризични, но и со низок принос) негативно се одразува врз профитабилноста на банките.

### *3.3. Управувањето во банкарскиот сектор*

Капацитетот на раководниот кадар е исто така битен аспект кој ја детерминира (не)успешноста на секоја компанија. Менаџерските тимови во македонските банки секако се многу важен фактор за ефикасноста од работењето на банките. Влијанието на управувањето во банкарскиот сектор врз ефикасноста се одразува од два аспекти, и тоа

[19] Земјите на ЈИЕ и ЦЕБ.

[20] "Странските валути во оптек во земјите во транзиција и придонесот на евро-конверзијата за мерење на нивниот износ - со посебен осврт на Република Македонија", НБРМ 2001 година.

[21] Извор на податоци: Министерство за финансии, нивото на ниескористени средства е лична пресметка на авторот.

преку капацитетот на менаџментот и функционирањето на системот на корпоративно управување (corporate governance). Покрај претходно наведените фактори, управниот кадар во македонските банки исто така допринесува за неефикасноста на банкарскиот сектор. Ова особено се согледува преку тековната состојба во македонските банки во однос на воведувањето на модерни информациони технологии (кои во последнава деценија претставуваат клучен фактор за зголемување на ефикасноста), користење модерни методи за управување со ризикот, ориентација спрема клиентите и нивните потреби итн. Согледувањето на ваквата состојба е релативно лесно да се поткрепи со примери како фактот дека за разлика од Македонија каде што повеќето банки тукушто почнаа да воведуваат електронско банкарство, во Естонија на пример 93% од трансакциите се вршат електронски[22]. За разлика од развиените земји каде што веќе со децении се развива системот на ориентација према клиентот, во Македонија само пред две-три години години банките (не сите) воведоа „жолта линија" за заштита на основното право на клиентот - приватноста (инаку инвестиција која чини не повеќе од 5,000 денари). Во последниве неколку години направен е значителен прогрес во развивањето на нови методи и модели за управување со ризикот (кредитен, девизен, пазарен, ризик на ликвидност итн.), меѓутоа користењето на овие модерни алатки и модели речиси отсуствува во повеќето македонски банки (релативно мал е процентот на топ менаџери кои присуствувале на обука во странство за запознавање со модерните банкарски текови). Ваквата констатација е поткрепена и од самите банкари. Имено, се обидов да спроведам анкета до банките во која меѓудругото барав мислење од менаџерите на банките за влијанието на управувачкиот кадар врз профитабилноста на банките. За жал, не успеав да добијам доволно повратни одговори на анкетата[23], меѓутоа во однос на ова прашање повеќето банкари сметаат дека капацитетот на менаџерскиот кадар во македонските банки негативно се одразува врз профитабилноста. Вториот аспект од управувачкиот процес е функционирањето на корпоративното управување во македонските банки. Под корпоративно управување[24] се подразбира односот помеѓу трговските друштва и нивните интересенти: акционерите, менаџерите, кредиторите, вработените, клиентите итн. Неразвиениот систем на корпоративно управување е карактеристичен не само за банкарскиот сектор туку за македонските корпорации воопшто, што се одразува негативно врз квалитетот на донесувањето одлуки од страна на менаџерите. Нетранспарентните и измешани врски помеѓу акционерите, менаџерите (кои некогаш се поистоветуваат) и клиентите на банките (кои се воедно и акционери), кои се особено карактеристични кај малите банки, значително го нарушуваат ефикасното корпоративно управување[25].

**4. Заклучок**

Динамичката анализа на работењето на македонските банки како и
споредбата со останатите земји во транзиција укажуваат на недоволна развиеност на банкарскиот сектор и ниска ефикасност на банките. Мерено според учеството на вкупната актива во БДП, нивото на македонскиот банкарски сектор е значително пониско во однос на развиените земји од транзиција. Структурата на банкарскиот сектор се карактеризира со висока концентрација на банките и голем број на мали банки. Македонија има најголем број на банки по број на жители во групата на земји од транзиција (после Словенија), а повеќе под една половина од вкупната актива отпаѓа на двете најголеми банки. Ваквата состојба резултира со недоволна конкуренција во банкарскиот сектор што негативно се одразува врз ефикасноста на банките. Дупонт

[22] Banking markets in central and eastern Europe (VIII): The Baltic countries - moving in the economic fast lane.

[23] Се заблагодарувам на оние менаџери на банките кои одговорија на прашањата од анкетата.

[24] Светска Банка го дефинира корпоративното управување како мешавина на закон, регулативи и соодветна пракса од приватниот сектор, која им овозможува на трговските друштва да привлечат финансиски и човечки капитал, да функционираат ефикасно, притоа генерирајќи долготрајна економска вредност за нивните акционери во исто време почитувајќи ги интересите на останатите интересенти (stakeholders) и општеството во целина.

[25] Во Македонија сеуште не се воведени "fit and proper" стандарди за оценка на способноста и соодветноста на акционерите и менаџерите во банките.

анализата на финасиските резултати на банките покажува на високо учество на некаматни приходи (од надомести и провизии) и ниско ниво на нето каматните приходи, со што главна детерминанта на профитабилноста се споредните банкарски активности наместо финансиското посредување (преку прибирање на средства и давање на кредити). Согласно ваквата состојба, не изненадува фактот што Македонија е на дното на листата според стапката на поврат на активата и капиталот во групата на земји во транзиција. Високото учество на нефункционалните заеми и големата каматната маргина исто така укажуваат на недоволна ефикасност на банките, а решавањето на овие два проблеми ќе има негативни импликации врз веќе ниските стапки на профитабилност. ЕБРД индексот на реформи во банкарскиот и небанкарскиот финансиски сектор е уште еден показател за недоволно ниво на реформи споредено со развиените земји во транзиција.

Причините за ниската ефикасност на банкарскиот сектор се и ендогени и егзогени. Во групата на егзогени фактори спаѓаат законската регулатива и макроекономското окружување. Овие два фактори имаа негативно влијание врз ефикасноста на банките во изминатиот период, но неодамнешните реформи во законодавството (од областа на банкарското работење) и поволните економски движења се позитивен сигнал за поуспешно работење на банките во идниот период. Капацитетот на управувачкиот кадар во банките, како и неразвиениот систем на корпоративно управување се исто така значителна пречка за поголема ефикасност и профитабилност на македонскиот банкарски сектор. Менаџерскиот кадар значително заостанува во следењето на новите трендови во банкарското работење во однос на методи за управување со ризикот, ориентација спрема клиентот, воведување информациони технологии итн. Исто така, процесот на корпоративно управување е сеуште неразвиен во македонските корпорации, а проблемите со нетранспарентноста и помешаноста на акционерите, менаџерите и клиентите на банката се особено карактеристични за малите банки.

Банкарскиот систем во секоја земја има незаменлива улога во обезбедувањето финансиски средства на недржавниот сектор со цел поддршка на економскиот развој. Следствено, успешноста од работењето на банките создава можности за поефикасно (поефтино) кредитирање на економските субјекти што резултира со зголемен потенцијал за инвестирање на претпријатијата и потикнување на личната потрошувачка на населението. Во услови кога македонските претпријатија се соочуваат со недоволна капитализираност и на недоволно ниво на странски инвестиции, финансирањето на претпријатијата од страна на банките е од особено значење за нивно поуспешно работење. Резултатите од BEEPS[26] анкетата од 2002 година покажуваат дека половина од компаниите во Македонија финансираат максимум 20% од потребите за обртни средства со банкарски кредити кај домашни банки. Одделни трендови во банкарски сектор укажуваат на позитивни промени и приближување на улогата на банките кон стандардите на развиените земји во транзиција (сегашни членки на ЕУ). Најзначајни позитивни трендови се намалувањето на активните каматни стапки и стеснувањето на каматната маргина што резултира и со зголемено кредитирање на економските субјекти. Од друга страна, намалувањето на каматните стапки на депозитите не го намали интензивниот пораст на депозитниот потенцијал на банките што укажува на континуирано зајакнување на довербата во банките и враќање на финансиските средства на населението во банкарските текови. Проширувањето на кредитното портфолио на банките[27] и воведувањето на модерни банкарски производи (електронско банкарство) кај некои банки резултира со зголемување на ефикасноста на нивното работење, но овој тренд треба да биде посеопфатен и да продолжи со интензивирана динамика со цел македонските банки се стремат да го достигнат нивото на развиените транзициони економии.

[26] The Business Environment and Enterprise Performance Survey (BEEPS) II, EBRD and the World Bank, 2002.
[27] Во 2004 година е регистриран пораст на кредитниот потенцијал на банките од 23%, при што особено е значаен порастот на кредитирањето на населението.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Giorgio Gomel, “Banking and Financial Sector in Transition Countries and Convergence towards European Integration”, May 2002
Lia Vensel and Vello Vensel , “Development of the Financial Sector in the Globalising World: An Emerging Market Economy Case”
Steven Fries, Damien Neven and Paul Seabright, “Bank performance in transition economies”, Working paper 76, November 2002
Thorsten Hild, “Banking markets in central and eastern Europe (VIII): The Baltic countries - moving in the economic fast lane”
“South Eastern European countries: Key issues, recent developments and an overview of the banking sector”, National Bank of Greece Special bulletin, February 2003
“Transition Report 2003 and 2004”, European Bank for Reconstruction and Development
м-р Анета Наумовска, Билјана Давидовска и Ѓорги Гоцков, “Странските валути во оптек во земјите во транзиција и придонесот на евро-конверзијата за мерење на нивниот износ - со посебен осврт на Република Македонија”, Економски Истражувања IV/2001 - НБРМ, 2001 година
Извештај за банкарската супервизија и банкарскиот систем на Република Македонија, НБРМ, 2000, 2001, 2002, 2003 година и прво полугодие од 2004 година
Годишни финансиски извештаи на банките